**Општина Боговиње**
**Опис на работни задачи за ангажирање на проектен координатор за потребите на проектот:**

Прекугранична заштита од пожари/Cross Border FIRESHIELD - кофинансиран од ИПА Програмата за Прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

Општина Боговиње ги поканува сите квалификувани лица кои се заинтересирани да бидат вклучени во активностите на претходноспоменатиот проект да достават потребни документи во согласност со предвидената постапка за избор на проектен координатор.

**Носител на проектот:** Општина Врапчиште

**Партнери на проектот :**
Општина Боговиње, Република Северна Македонија
Општина Черик, Република Албанија
Каритас Албанија, Република Албанија

**Главна цел на проектот:**
Придонес кон заштитата на животната средина во прекуграничната област преку надградба на јавната инфраструктура за управување со ризици.

**Кофинансиран од:**
ИПА Програмата за Прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија EuropeAid/170339/DD/ACT/MK

Министерство за локална самоуправа на Северна Македонија

**Времетрање на проектот:** од 01.02.2022 до 31.07.2024

**Официјален јазик на проектот:** Англиски

**За потребите на горенаведениот проект, проектниот координатор ќе треба да спроведе:**

- Имплементација на проектните активности на Општина Боговиње согласно одобрената апликацијата и содржината на Договорот за грант;
- Координација со проектните партнери на проектот;
- Поддршка, вклучување и придонес кон имплементацијата на проектните активности на другите проектни партнери и носителот на проектот, согласно содржината на Договорот за грант;

- Водење на документација во која се евидентира извршувањето на проектните активности согласно правилата на донаторот, потпишаната Спогодба за партнерство и потпишаниот Договор за грант;
- Управување со финансиските средства наменети за проектните активности на Општина Боговиње како партнер во проектот;
- Доставување на релевантни и навремени информации потребни за подготовката на извештаите за реализација на проектот а на барање на проектниот менаџер на проектот;
- Координација и комуникација со засегнатите страни на проектот во согласност со официјално добиените насоки на носителот на проектот;
- Промоција на проектот, проектните цели и активности во согласност со официјално добиените насоки на носителот на проектот;
- Подготовка на текстуални објави на официјалните веб страни на проектот и Општина Боговиње за текот на реализацијата на проектот и постигнатите резултати од реализацијата на проектот во согласност со официјално добиените насоки на носителот на проектот;
- Подготовување на потребните документи за ревизија;
- Учество во спроведувањето на постапките за јавни набавки;
- Изработка на Услови за ангажирање на експерти/консултанти;
- Изработка на технички спецификации за јавни набавки во согласност со активностите на Општина Боговиње како партнер на проектот;
- Следење на работата на надворешните експерти ангажирани во проектот;
- Следење на финансиските и административните прописи во согласност со постојните закони на донаторот како и со националните закони.

**Потребни квалификации:**
- Високо образование, VII/1 или 240 ЕКТ;
- Одлично познавање на официјалниот јазик на Програмата за Прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија (англиски);
- Познавања од областа на донаторските процедури и процедурите на надворешната помош на Европската Унија;
- Познавање на процедурите за јавни набавки на надворешната помош на Европската Унија (PRAG).
- Претходно искуство во имплементација на ЕУ/ИПА финансирани проекти;
- Познавање на делокругот на работата на локалата самоуправа;

**Временска рамка за реализација на ангажманот:**
Временската рамка на спроведување на активностите е до 01.02.2022-31.07.2024.
Работното време е 5 дена неделно по 8 часа (понеделник-петок 08:00-16:00).

**Паричен надоместок:** 500 ЕУР бруто плата во денарска противвредност, согласно курсот на INFOEURO за изминатиот месец

**Локација:**
Активностите ќе се спроведуваат во прекуграничната област која е опфатена со ЕУ ИПА Програмата за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

**Заинтересираните кандидати треба да достават:**

ПРИЈАВА- во слободен формат
Кратка биографија во европски формат (europass);
Доказ за завршено високо образование (скениран документ)
Доказ за познавање на англиски јазик (скениран документ)
Сертификати за обуки и тренинзи (скенирани документи)

*Општина Боговиње и Врапчиште го задржуваат правота по потреба да побара оригинали на документи на увид.

Кандидатите ќе бидат евалуирани од страна на Заедничката  Комисија за евалуација при Општина Боговиње и Врапчиште  врз основа на претходно воспоставени критериуми во Табела за евалуација. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју. Непотполни пријави нема да бидат разгледувани.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на електронска пошта: aliunazmije1@gmail.com

**Краен рок за пријавување:** 14.01.2022, 16:00 часот

Боговиње,

11.01.2022

Градоначалник на Општина Боговиње
Г-дин Besnik Emshi